# Пилева во "Би ту"



Рок-пејачката Александра Пилева вечерва по 23 часот ќе настапи во дискотеката "Би ту". На забавата ќе испее дел од своите песни и познати рок-хитови.

Пред извесно време ја направи својата нова фотосесија, во соработка со "Рокенрол продукција". Дел од фотографиите ќе се најдат на нејзиниот нов албум, кој наскоро треба да се појави на пазарот.

*(А.Г.)*

## Јован и Елвир во Радовиш

Јован Јованов и Елвир Мекиќ ќе бидат специјални гости на отворањето на новата дискотека "Фул хаус" во Радовиш.

Настапот на поп-пејачите ќе биде придружуван од атрактивни танчарки. Отворањето се совпаѓа со Денот на жената, 8 Март, па тие на сите припаднички на понежниот пол ќе им подарат незаборавна вечер со своите хитови, вели нивниот менаџер Кристијан Стефановски.

И овој настап е дел од турнејата низ Македонија во организација на продукцијата "План Б".

*(М.Џ.)*

## Влатко и КУД "Кочо Рацин" на турнеја во Австралија

Членовите на КУД "Кочо Рацин, фолк-пејачот Влатко Алексовски и хармоникашот Сашо Митковски заминаа на едномесечна турнеја во Австралија. Тие утре ќе настапат во Мелбурн, по повод празникот на жената, а на 10 март - на тамошната "Мумба парада". Ќе ја продолжат турнејата во Камбера, Квинбијан, Волонгог и во Сиднеј, каде што има најмногу наши иселеници.

На концертите Влатко ќе ги промовира новите дивиди и цеде-изданија. Оваа година тој слави јубилеј, 10 години на македонската естрада, почнувајќи од 1998, кога дебитираше на "Тумба фест".

*(В.М.)*

# Радиото "Бубамара" со цеде со патриотски песни



По манифестацијата "Златна бубамара", скопското радио "Бубамара" ќе издаде цеде со 12 антологиски народни и забавни песни, кои во моментов се преснимуваат во нов, помодерен аранжман, свирени од најдобрите македонски музичари.

- Поттикнати од импресивната изведба на легендарните Гаро и Калиопи на песната "Едно име имаме" на манифестацијата во Универзалната сала, решивме да го направиме овој проект - вели Ранко Петровиќ, сопственикот на радиото "Бубамара".

*(В.М.)*

## КЛАБИНГ ИНФО

Роденденската журка на "Полукс" е настан што ќе го обележи викендов. Во СРЦ "Клае" ќе гостува норвешкиот диџеј Микас, кој е една половина од дуото "Џума саундсистем", кое го освои светот со синглот "Лес Џинс", еден од најголемите клупски хитови во 2007 г. Во живо ќе настапат и нашите Александар Видиновски и Дарко Спасовски, познати како "Саунд дифјужн", кои ќе го промовираат својот деби-албум "Кил овер", кој ќе се добива бесплатно со секоја купена влезница. Диџеј-сет ќе има и Мачки, а за визуелизациите ќе се погрижи Инд.о.г. Цената на влезниците е 200 денари во претпродажба, а 300 на врата. Од "Полукс" најавија вистинска роденденска атмосфера.

***

По 12-те концерти на просторот на поранешна Југославија ,"Пи-Ем-Џи колектив" се враќа на домашен терен со концерт, вечерва во 23 ч., во "Д´клаб". Вечерта ќе биде комплетирана со диџеј-сетови на Мирко Попов, Дарко Јорданов и на Нино Наумов. Осмомартовската забава во "Д´ клаб" е вечер на девојките од "Практична женска" и по подолго време заедно, на ист подиум, ќе настапат Илина, Ивана и Лицето Б.Ц. Соња Исмаил вечерва е во "Ритокс", Марија Каева е во барот "Его", Ивана - во кафулето "Медиа" на ул. Македонија, диџеј Вања - во "Картел", Марга и Ана - во "Алка". "Пи-Ем-Џи" в сабота е во пабот "Леџенд". Нино в недела е во "Медиа", а тој ден, во 23 часот, во "Ритокс", настап во живо на "Д´Џон" и диџеј-сетови на Александар Гавровски и на Јане Алтирамаков во склоп на вечерите на "зависналиста.мк".

***



Метју Дикеј

Миленикот на понежниот дел од скопската клупска публика, Метју Дикеј, ќе има свој сет на Денот на жената во клубот "Колосеум". Тој е одличен прогресив хаус-диџеј, повеќе пати има гостувано во Скопје и сите го паметат по преполните и одлични журови. Почетокот на забавата е во 23 часот, а цената на влезниците е 200 денари во претпродажба, 250 до 1 ч. на врата, 300 потоа. Вечерва, во "Колосеум", во склоп на хип-хоп петочните забави, на диџеите Панчо ака Шорти Пи и Давор им гостува диџеј Бронсон. Цената на влезниците за оваа забава е 150 денари до полноќ и 200 денари потоа.

***

"Паркети" вечерва ќе ја има првата свирка во живо по настапот на Избор на песна за Евровизија, и тоа на домашен терен, во барот "Лектира" во Битола. Концертот на "Џа или бу", што требаше да свири во "Лектира" во Битола и ден порано во "Кастро" во Скопје, е одложен за во април.

i.iliev@vest.com.mk